Врз основа на членот 22 став 1 точките 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со: член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 168/2017 и 159/2019), член 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/2018,и 215/2021 )и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/2021), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16, 83/18, 82/2020 и 215/2021) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/2021), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2023 година,донесе

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Територијалната противпожарна единица во општина Кочани за 2024 година

## I

Уводен дел

Во тековната 2024 год. ТППЕ-Кочани своите активности и делокруг на работа ќе ги насочи кон постигнување повисок степен на заштита од пожари, поголем акцент ќе биде ставен на делот на превенција и заштита од пожари се со цел да се превземат сите превентивни мерки за благовремено откривање и отстранување на се што би придонело за појава на пожари. Применување на воспитна, образовна, информативна, теоретска и практична активност за стручно и практично дооспособување на единицата од областа на пожарникарството, исто така ќе се спроведат дополнителни активности околу едукацијата на учениците и вработените во училиштата за евакуација и заштита од пожари.

I. Задачи и активности при извршување на работните обврски

- Согласно Законот за Пожарникарство и дефинирањето на пожарникарството како работа од стручен и хуманитарен карактер, како и целта заради која е формирана ТППЕ а тоа е гасењето на пожарите и спасувањето на луѓето и материјалните добра загрозени од пожари или други непогоди.

- Извршување на технички интервенции во смисла на појава на поплави, земјотреси или сообраќајни незгоди и целокупно вклучување на Единицата во случај на вонредна состојба.

- Стручното оспособување на вработените во ТППЕ-Кочани, согласно Планот и Програмата за обука на Пожарникари ќе биде приоритет во наредниот период како и обуката од Дирекцијата за Заштита и Спасување на Р.С.Македонија. Исто така активно ќе бидеме вклучени во сите обуки, семинари и работилници кои ќе бидат организирани и изведени од други невладни организации, домашни или странски.

- Континуитет во Техничкото опремување на Единицата согласно потребите и можностите како и редовно сервисирање на веќе постоечката опрема за нормално извршување на работните задачи.

- Подготвување на Единицата за двоен режим на работа во зимски и во летни услови. Подготовката за работа во зима опфаќа и подготовка на возилата за работа во зимски услови како и посебна подготовка на вработените имајќи го во предвид фактот дека во зимскиот период најчесто се работи на интервенции на објекти. Подготовката за работа во летниот период се однесува на соодветна подготвеност на возилата како и проверка и испитување на исправноста на опремата и алатот кој се користи во интервенциите на пожари на отворен простор.

• Проверка на приодите и прилазните патишта до станбените објекти како и согледување на состојбата со така наречените "тесни грла" во градот, односно улиците кои претставуваат места со поголем ризик поради непристапноста на теренот.

• ТППЕ-Кочани е отворена да им укаже стручна помош на граѓаните, претпријатијата и другите правни субјекти, доколку тоа биде побарано од неа. ТППЕ е подготвена и отворена за реализирање на поголем број активности во однос на хуманоста како еден од сегментите на работењето на ТППЕ.

• Превземање на превентивни мерки за заштита од пожари на подрачјето кое го покрива ТППЕ-Кочани, се со цел намалување на бројот на интервенции како и намалување на материјалната штета што настанува од пожарите.

• Продолжување со проверката на исправноста на хидрантската мрежа во општината и навремено информирање на надлежните органи за констатираните состојби и санирање на настанатите дефекти. Активност што во континуитет се реализира во соработка со КЈП "Водовод" од Кочани.

• Посета на органите и инситуциите во општината и информирање и запознавање со опасностите од старите и дотраени инсталации и уреди како и укажување за превземање на соодветни мерки за избегнување на евентуална појава на пожари како резултат на неисправна инсталација или уред. Истовремено вршење на проверка на опременоста на институциите со средства и опрема за соодветна реакција во случај на пожар.

II. Соработка со останатите организации и нституции

• Во текот на 2024 год. ќе се организираат тактичко-показни вежби, и тоа со учениците и вработените од училиштата од Кочани, како и училишта од Општина Чешиново-Облешево и Општина Зрновци.

• Во текот на 2024 год. ќе се реализираат и тактичко- показни вежби со вработените во компаниите од приватниот сектор. Соработката со корпоративниот сектор е составен дел од работењето на ТППЕ во сите сегменти.

• Спроведување на едукација за заштита и спасување во сличај на елементарни непогоди со вработените во јавните установи и институции во Општина Кочани и во соседните Општини Зрновци и Чешиново-Облешево. Како и едукација на вработените во основните и средните училишпта во општините кои ги покрива ТППЕ Кочани.

• Ќе се извршат неколку консултативни состаноци со претпријатието кое стопанисува со земјоделските површини-пасишта како и со Шумското стопанство "Осогово" од Кочани, со Полициската станица од општа надлежност-Кочани и со Шумската Полиција, како и со Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство – подрачно одделение Кочани, особено во пресрет на летниот период кога имаме зголемен број на пожари на отворен простор кога е и зголемена активноста на наведените субјекти во смисла на превентивно дејствување за што помал број на шумски пожари, пожари на стрништа и пасишта и други пожари на отворен простор.

• Соработка со Општа Болница со проширена дејност од Кочани и Центар за Јавно Здравје од Кочани во функција на што побрзо и подобро реализирање на интервенциите особено во случај на сообраќајни незгоди.

• Продолжување на соработката со Командирите на ТППЕ од Источниот регион, во функција на заеднички настап на интервенциите за гаснење на пожарите како и размена на искуства во тој дел.

• Состаноци и соработка со Мрежата на Командири при ЗЕЛС а формирана со цел за подобрување на работата и ефикасноста на Единиците на ТППЕ на државно ниво.

• Продолжување на соработката со странските фондации и организации за обучување на пожарниците и опремување на Единицата согласно потребите и можностите, со потпишување на

Меморандум за соработка, како и барање на нови партнери и организации од други држави кои се занимаваат со областа на заштитата и спасувањето од пожари или елементарни непогоди.

• Продолжување на соработката и обуката на волонтерите од доброволното противпожарно друштво од Кочани, во делот на стручна и практична обука. Взаемна соработка со волонтерите од ДПД Кочани во делот на гаснење на пожари на отворен простор.

• Доставување на месечни и периодични извештаи за интервенциите на ТППЕ-Кочани до ДЗС, ЦУК, Градоначалникот на Општината како и до Полициската Станица од општа надлежност од Кочани и Подрачната Единица на МЗШВ - инспекторат за шуми и земјоделски инспекторат.

• Доставување на Годишен извештај за интервенциите на ТППЕ-Кочани до Советот на Општина Кочани.

• Доставување на Годишна Програма за работа на ТППЕ-Кочани до Советот на Општина Кочани.

Финансиски план за 2024 година

Стоки и услуги

Електрични енергија (заедничка програма)
За електрична енергија пресметано во просек од изминатата година за 12 месеци по 25.000 ден. или вкупно 320.000,00 ден.

Водовод и канализација (заедничка програма)
За водовод и канализација пресметано во просек од изминатата година за 12 месеци по 2.900 ден. или вкупно 35.000,00 ден.

Телефон и телефакс (заедничка програма)
За еден фиксен број 271-193, за 12 месеци по 1.000 ден или вкупно 12.000,00 ден.
За 16 мобилни телефони од кои 1 х 1.000 ден. и 15 х 300 ден. месечно или вкупно за 12 месеци 66.000,00 ден.

Поправка и сервисирање на тешки и лесни возила и на автобус
(заедничка програма) 800.000,00 ден.

Дрва за огрев за ТППЕ-Кочани (24метри) 120.000,00ден.

Осигурување на моторни возила (заедничка програма) 75.000,00 ден.

Регистрација на моторни возила (заедничка програма) 75.000,00 ден.

Гориво за возила на ТППЕ-Кочани (заедничка програма) 850.000,00ден.

Осигурување на вработени (колективно осигурување)
Несреќа, живот, смрт поради болест и сл. 65.000,00 ден.

Канцелариски материјал (заедничка програма) 12.000,00 ден.

Средства за хигиена (заедничка програма) 12.000,00 ден.

Средства за белење на просториите на ТППЕ Кочани (заедничка програма) 20.000,00 ден.

Средства за чистење и одржување на маски за заштита на дишни органи за вработените
во ТППЕ Кочани (заедничка програма) 20.000,00 ден.

Поправка и одржување на машини и друга опрема (заедничка програма)
Моторни пумпи, моторни пили, агрегати и компресори и сл. 150.000,00 ден.

Издвојување на дополнителни финансиски средства за плати и придонеси за вработените во ТППЕ Кочани за 16 лица 3.500.000,00 ден.

Надомест за регрес за годишен одмор за 2024, јубилејни награди и исплата на бонус плата за 2023 год. год.за 16 вработени 1.850.000,00 ден.

Вкупно за стоки и услуги 7.982.000,оо ден.

Како посебни потреби кои би биле финансирани од програмата WO за потребите на ТППЕ-Кочани за 2024 год. се издвојуваат

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Летни униформи ..........................................................................................................700.000,00 ден.

Изработка на лиценци за овластени службени лица – легитимации за 16 вработени ..........................................................................................................................................55.000,00 ден.

Набавка на торбица со основна медицинска опрема ..............................................................200.000,00 ден.

Набавка на 2 гас детектори за потребите на ТППЕ Кочани ...................................................100.000, 00 ден.

Кофинансирање од општина Кочани за изградба на гаражни врати на постоечки објект за ПП возила (скала, мусо и исузо)..........................................................................................................180.000,00 ден.

Набавка на гуми за возило Тојота...................................................................................80.000,00 ден.

Набавка и монтажа на мебел-шкафови за опрема за вработените во ТППЕ Кочани,
вкупно 20 броја...........................................................................................................300.000,00 ден.

Планирање на средства за реализација за нови вработувања во ТППЕ Кочани....................1.500.000,00 ден.

Вкупно: 3.115.000,00 ден.

II.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2202/1<br>
15.12.2023 година<br>
Кочани

Претседател на<br>
Советот на Општина Кочани<br>
Лазо Митев